Ludwig Boltzmann Institute of Human Rights (BIM)

СТРАТЕГИЈА ЗА СОЦИЈАЛНО ВКЛУЧУВАЊЕ, СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА ВО ОПШТИНА БЕРОВО

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

financed by
Austrian Development Cooperation

Ludwig
Boltzmann
Institute of
Human Rights (BIM)

СТРАТЕГИЈА ЗА СОЦИЈАЛНО ВКЛУЧУВАЊЕ, СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА ВО ОПШТИНА БЕРОВО

Јули 2011

Издавач
Институт за човекови права „Лудвиг Болцман“ – БИМ-ФВ, Скопје

Подготовката и печатењето на оваа публикација се финансиски поддржани од страна на Австриската развојна соработка (ADC)

Подготовка
Биљана Манаскова – локален консултант на БИМ-ФВ

Лице за поддршка од Општина Берово
Ѓорѓи Пеовски, координатор на Локалната партнерска група

Проект
„Човекови права и социјална инклузија во Македонија“
Институт за човекови права „Лудвиг Болцман“ - БИМ-ФВ, Скопје
ул. „Вељко Влаховиќ“ бр. 1 А-1/4, 1000 Скопје
тел.: +389 (0)2 3216 956
факс: +389 (0)2 3216 982

Тим за поддршка на БИМ-ФВ, Скопје
Петранка Делова-Миладинова – менаџер на проектот
Стојан Мишев – советник за човекови права
Нинослав Младеновиќ – советник за човекови права
Јагода Иљов – административен асистент

Лице за поддршка од Министерството за труд и социјална работа на РМ
Ирена Тодороска – раководител на Одделението за социјална инклузија

Лектура
Марија Костовска

Ставовите изразени овде и оние на авторите не го изразуваат секогаш официјалниот став на Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман“ (БИМ-ФВ) и на Австриската развојна соработка (ADC)

При употреба на податоците, молиме да се наведе изворот:
СТРАТЕГИЈА ЗА СОЦИЈАЛНО ВКЛУЧУВАЊЕ, СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА ВО ОПШТИНА БЕРОВО

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МТСП МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

financed by
Austrian Development Cooperation

СОДРЖИНА

Предговор на градоначалникот на општина Берово **3**

Извршно резиме **4**

Листа на кратенки **4**

Дефиниции **5**

Глава I - Процес на стратегиско и акциско планирање **6**

1.1. Цел, улога, задачи 6

1.2. Принципи на поставеност на Стратегијата 6

1.3. Методолошки пристап 7

Глава II - Преглед на постоечки стратегиски документи **8**

2.1. Стратегија за одржлив развој 2006-2011 - општина Берово 8

2.2. Локален еколошки акциски план на општина Берово 8

2.3. Потстратегија за рурален развој на општина Берово 2008 – 2013 8

2.4. Општини Берово и Пехчево - Локален акциски план за вработување 2009 – 2010 9

2.5. Регион Малеш-Пијанец - Туристички акциски план 9

2.6. Стратегија за развој на еко-туризмот во Берово 9

2.7. Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 10

2.8. Индекс на социјална инклузија на локално ниво 11

Глава III - Стратегиски документ за социјално вклучување, социјална заштита и намалување на сиромаштијата на општина Берово **11**

3.1. Социјален профил на општина Берово 11

3.2. Идентификувани ранливи групи 16

3.3. Анализа ПЕСТЕЛ 18

3.4. Приоритетни области за дејствување 19

3.5. Фокус-групи 22

Глава IV - Акциски план за спроведување Стратегија за социјална вклученост, социјална заштита и намалување на сиромаштијата во општина Берово **23**

Анекс 1 - Листа на учесници 33

Заклучоци и препораки - Наоди од Студијата за сиромаштија и социјална исклученост во Република Македонија - Институт за човекови права „Лудвиг Болцман“ 35

Анекс 2 - Агенди од одржани работилници 37

ПРЕДГОВОР

Почитувани,
Чест ми е да Ви ја претставам СТРАТЕГИЈАТА ЗА СОЦИЈАЛНО ВКЛУЧУВАЊЕ, СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА во општина Берово, изработена во рамките на проектот „Социјално вклучување и човекови права во Македонија" - пристап заснован на човековите права. Носители на проектот се општините Берово и Пехчево, а финансиски е поддржан од Австриската развојна соработка (АДЦ), Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман"–Истражувачка асоцијација Скопје (БИМ-ФВ), во соработка со Министерството за труд и социјална политика на РМ (МТСП) и Заедницата на единиците на локална самоуправа (ЗЕЛС).

Цел на проектот е воведување и имплементација на пристапот заснован на човековите права во процесот за пристапување на Македонија во ЕУ, како и зајакнување на капацитетите на носителите на обврските, особено на локално ниво, во процесот на дефинирање на одговорностите и соодветните политики во социјалното вклучување и намалувањето на сиромаштијата.

Овој документ се состои од два дела. Во првиот дел е претставен процесот на стратегиско планирање со принципите, методологијата и постојните стратегиски документи, во чии рамки е и индексот на социјална инклузија на локално ниво. Во вториот дел е претставен преглед на стратешки документи за социјално вклучување, социјална заштита и намалување на сиромаштијата, приоритетните области за развој и акциски план за општина Берово.

Во функција за имплементација на процесот на децентрализација во социјалната заштита, Општина Берово го изработи овој стратегиски документ за успешно остварување на социјалната заштита во својата локална заедница, преку реализирање развојни програми за организирање и развивање на облици и форми на социјални услуги според специфичните потреби на одделни групи кои се наоѓаат во социјален ризик.
Стратегијата за социјално вклучување, социјална заштита и намалување на сиромаштијата во општина Берово се базира на утврдените потреби и приоритети во општината, како и на реалните материјални можности за обезбедување одржлив развој на социјалната заштита во општината.

Во таа насока, исклучително внимание ќе посветиме за имплементација на акциските програми кои произлегоа од процесот на подготовка на Стратегијата, како и во изнаоѓање финансиски ресурси потребни за реализација на предложените проекти.

Ја користам оваа можност да ја изразам својата благодарност на Локалната партнерска група (ЛПГ) и на сите други учесници за својот ентузијазам и придонес во подготовката на овој важен стратегиски документ. На крајот, сакам јавно да се заблагодарам на Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман" – Истражувачка асоцијација, Скопје (БИМ-ФВ) и Министерството за труд и социјална политика на РМ (МТСП) за финансиската и техничката помош на овој стратегиски документ.

Со почит,
Општина Берово
Градоначалник Драги Наџински

ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Стратегијата за социјално вклучување, социјална заштита и намалување на сиромаштијата во општина Берово е изготвена во рамките на зеадничкиот проект „Социјална инклузија и човекови права во Македонија" на Министерството за труд и социјална политика и Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман" (БИМ-ФВ Скопје).
Стратегијата е изработена од Билјана Манаскова, консултантка ангажирана од страна на Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман" (БИМ-ФВ Скопје), со примена на метод на партиципативно учество на Локалната партнерска група на општина Берово.

Оваа стратегија се фокусира на три области за развој:

1. Намалување на сиромаштијата;
2. Социјално вклучување на ранливите категории во економскиот, социјалниот и културниот живот на општината;
3. Социјална заштита за сите граѓани на општината.

Стратегијата е поделена на 4 поглавја:

Воведен дел:
Глава 1 - Процес на стратегиско и акциско планирање;
Глава 2 - Преглед на постоечки стратегиски документи од релевантни области;
Глава 3 - Стратегиски документ за социјално вклучување, социјална заштита и намалување на сиромаштијата;
Глава 4 - Акциски план за спроведување на стратегискиот документ.

Анекси:
Анекс 1 - Листа на учесници во ЛПГ;
Анекс 2 - Агенди од одржани работилници;
Анекс 3 - Извештај од наоди со одржани фокус-групи;
Анекс 4 - Заклучоци и препораки - Наоди од „Студијата за сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија" - Институт за човекови права „Лудвиг Болцман".

Резултатите од процесот на партиципативно планирање, заснован врз човековите права, содржани се во овој стратегиски документ и претставуваат насоки за дејствување во областа на социјалната сфера на општина Берово за периодот 2011-2015 година.

Стратегијата има цел среднорочно да ги даде генералните насоки по кои општината треба да се движи кон остварување на стратегиските цели поврзани со социјалното вклучување, социјалната заштита и намалување на сиромаштијата во општината.

Стратегијата нуди решенија за решавање и надминување на најактуелните социјални проблеми со кои се соочува општината и нејзините граѓани, преку остварување на конкретно поставените стратегиски цели за периодот од 2011 до 2015 година.

Листа на кратенки

БИМ-ФВ – Институт за човекови права „Лудвиг Болцман"
ЛПГ – Локална партнерска група
ЛС – Локална самоуправа
МЦСР – Меѓуопштински центар за социјална работа
НВО – Невладина организација
ДЗС - Државен завод за статистика
АВРМ – Агенција за вработување на Република Македонија
ЕУ - Европска унија
ИПАРД - Инструмент за претпристапна помош на земјоделството и руралниот развој
ЈКП - Јавно комунално претпријатие
ЛЕР - Локален економски развој
МТСП – Министерство за труд и социјална политика
РМ - Република Македонија
НСНССИ - Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија
СПП - Социјална парична помош
ЕПП – Еднократна парична помош

ДУП - Детален урбанистички план
ГУП – Генерален урбанистички план
Сл.гл.- Службен гласник
ЛЕАП – Локален еколошки акциски план
МОН – Министерство за образование и наука
ПЕ - Подрачна единица
ЈУ - Јавна установа
Анализа ПЕСТЕЛ – PESTEL (Political Factors (политички фактори), Economic Factors (економски фактори), Social Factors (општествени фактори), Technological Factors (технолошки фактори), Environmental Factors (фактори кои се однесуваат на животната средина), Legal Factors (правни фактори)
Анализа СВОТ – SWOT (Strengths, Weaknesses, Opportunities and Threats) – анализа на јаки страни, слаби страни, можности и закани
УЈП - Управа за јавни приходи
УНДП - Програма за развој на Обединетите нации
УСАИД - Агенција за меѓународен развој на САД
УСАИД – МЛГА - Проект за локална самоуправа на УСАИД
МААСП – Програма за поддршка на советодавните услуги во земјоделството во Република Македонија
ФЗО - Фонд за здравствено осигурување
ОМК - Отворен метод на координација
МРЦ - Милениумски развојни цели
МЛС - Министерство за локална самоуправа
МЗШВ - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
ЦРИПР - Центар за развој на источниот плански регион

ОСНОВНИ ДЕФИНИЦИИ

При изработката на овој документ се користени следниве дефиниции поврзани со намалување на сиромаштијата и социјалното вклучување.

Сиромаштија:
Отсуство или несоодветно реализирање/исполнување на некои основни слободи и права: избегнување глад, болест, неписменост итн.

Европската унија ја користи следнава дефиниција за сиромаштијата:
„Луѓето живеат во сиромаштија доколку нивните приходи и ресурси се толку несоодветни што ги спречува да имаат животен стандард сметан за прифатлив во општеството во кое живеат. Нивната сиромаштија се согледува преку невработеност, ниски приходи, сиромашни и несоодветни домови, несоодветна здравствена заштита, како и неможност за доживотно учење, култура, спорт и рекреација. Тие често се маргинализирани и исклучени од економски, социјални и културни активности, а нивниот пристап до основните човекови права е ограничен".

Социјална исклученост:
„Социјалната исклученост е процес во кој одредени поединци се исфрлени на маргините на општеството и се спречени целосно да учествуваат во општествениот живот, како последица на нивната сиромаштија, недостаток од основни компетенции и можности за доживотно учење или како резултат на појава на дискриминација. Ова ги оддалечува од можност за постојано вработување, приходи, образование, можност за обука, како и од секаков вид социјални и општествени активности. Најчесто немаат пристап до органите кои донесуваат одлуки. Ова придонесува да се чувствуваат немоќни и неспособни да ја преземат контролата врз сопствените одлуки, кои пак влијаат врз нивниот секојдневен живот".

Социјална инклузија/вклученост:
„Социјалната вклученост е процес кој гарантира дека на лицата кои се во ризик од сиромаштија и социјална исклученост ќе им се дадат можности и ресурси кои се неопходни за нивно целосно вклучување во економскиот, социјалниот и културниот живот, како и нормален животен стандард и благосостојба во општеството во кое живеат. Ова ќе им овозможи поголемо учество во процесот на донесување одлуки кои позитивно ќе влијаат врз нивните животи, а исто така, и пристап до нивните основни права".

Социјална заштита:
„Социјалната заштита вклучува не само јавни нормативи за социјална сигурност, туку и приватни или нестатутарни нормативи со слична цел, како што се заемно корисни општества и професионални пензиски фондови. Придонесите од сите видови нестатутарни нормативи, формални или неформални, не се целосно утврдени со пазарните сили".

Глава 1 - Процес на стратешко и акционо планирање

1.1 Цел, улога, задачи

Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман"(БИМ-ФВ Скопје) во рамките на проектот „Социјална инклузија и човекови права во Македонија" има цел да го вклучи пристапот заснован на човекови права во процесот на планирање на националните и на локалните власти кои работат на прашања поврзани со социјалното вклучување, социјалната заштита и намалување на сиромаштијата. Истовремено, целта е да придонесе кон општата цел за намалување на сиромаштијата во Република Македонија преку работата на носителите на правата и носителите на обврските.

Во рамките на проектот, Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман" (БИМ-ФВ Скопје) ангажираше 4 консултанти кои ќе ги поддржат Локалните партнерски групи во 8 избрани општини: Берово/Пехчево, Студеничани/Чашка, Радовиш/Конче, Липково и Неготино во елаборирањето на документите за сиромаштија, социјално вклучување и социјална заштита, утврдување на приоритети, стратегиско и акциско планирање.

Главните цели на проектот се:

- Да се проценат и да се вклучат собраните податоци од Студијата за сиромаштија и социјална исклученост во Република Македонија на БИМ-ФВ во процесот на елаборирање на документите за сиромаштија, социјална заштита и социјална исклученост, утврдување на приоритети, стратегиско и акциско планирање;
- Да ги поддржат Локалните партнерски групи во процесот на идентификација на ранливите социјални групи кои се најмаргинализирани и се соочуваат со повеќекратна дискриминација;
- Да се поддржат Локалните партнерски групи во нивните напори за изнаоѓање решенија за интегрирање на ранливите и сиромашните лица во процесот на планирање на локалниот развој;
- Да придонесат кон усогласување на ставовите на Локалните партнерски групи во утврдување на приоритетните проблеми, потребите и дефинирање на целите;
- Да го промовираат моделот на партиципативно учество и да останат фокусирани на очекуваните резултати предвидени со проектот на Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман" за „Социјална инклузија и човекови права во Македонија";
- Да го имаат предвид и да го вклучат родовиот аспект низ целиот процес на консултации, особено имајќи ја предвид женската сиромаштија и социјалната исклученост на жените, како и односите на моќ и процесите на донесување одлуки на локално ниво;
- Да го имаат предвид и да го вклучат аспектот за заштита на животната околина низ целиот процес на консултации.

1.2. Принципи на поставеност на стратегијата

Поставувањето норми, правила и вредности претставува основа за она што е пожелно и позитивно за една личност, група, организација или заедница, а притоа има цел да помогне во одредување на вистината или законитоста.

Токму затоа, при изработката на стратегискиот документ, ЛПГ и сите вклучени страни во процесот на креирање се раководеа според принципите на:

- Отвореност и недискриминација кои ќе обезбедат сигурност во спроведувањето на обврските за добросостојбата на сите граѓани на општината, без оглед на националната, религиозната, половата, социјалната или која било друга припадност;
- Иновација, креативност и динамичност значи дека учиме од најдобрите меѓународни практики и ќе придонесуваме за нивна примена;
- Флексибилност и одговорност со цел да одговориме на променетите потреби и околности;
- Транспарентност и коректност кои ќе обезбедат отвореност во донесувањето на одлуките и во распределбата на финансиските средства;
- Почитување, разбирање и поддршка со цел создавање професионални односи засновани врз доверба и соработка меѓу заинтересираните страни;
- Професионализам кој значи дека ги спроведуваме нашите должности најдобро што можеме;
- Ефикасност и ефективност со што ќе обезбедиме најсоодветно користење на ресурсите кои ни се на располагање;
- Партнерство и комуникативност со што ќе промовираме ефективно ангажирање со нашите партнери, сите заинтересирани страни и граѓаните на општината;
- Потреба од овозможување слобода на избор на заинтересираните страни, на средствата и на активностите кои ќе бидат преземени заради остварување на целите;
- Неопходност од усогласување на активностите со буџетот на Општината и со другите расположиви финансиски средства за спроведување на активностите;
- Следење на динамиката на надворешните процеси кои влијаат врз развојот на општината, а кои би можеле да доведат до неусогласеност на Стратегијата со надворешната средина.

Овие принципи и вредности остануваат важечки и при спроведувањето на Стратегијата, како и при набљудувањето и оценката на постигнувањата на развојот на општина Берово.

Стратегијата за социјално вклучување, социјална заштита и намалување на сиромаштијата во општина Берово е изработена во согласност со Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во РМ (2010-2020), како и во согласност со Отворениот метод на координација (ОМК) кој претставува јакнење на капацитетите на локалната власт во процесот на организирање и фацилитирање на широк консултативен процес со граѓанските организации, ранливите, социјално исклучени и сиромашни групи на граѓани, деловниот сектор и сите останати засегнати лица.

При процесот на изработка на овој стратегиски документ и дефинирањето на стратегиските приоритети, цели и активности, Локалната партнерска група (ЛПГ) водеше сметка за одредбите од следните прописи :

- Закон за локална самоуправа, Сл. весник на РМ бр. 5/2002;
- Закон за финансирање на единиците на локална самоуправа од 2002 год.;
- Закон за територијална организација на единиците на локална самоуправа, Сл. весник на РМ бр. 55/2004;
- Закон за рамномерен регионален развој, Сл. весник на РМ 63/2007;
- Декларација за учество на локалните и на регионалните власти во остварувањето на Милениумските развојни цели (МРЦ) од 2006 год.

Истовремено, при концептуализацијата на овој стратегиски документ, ЛПГ ги зеде предвид и клучните насоки утврдени со следните програмски документи на Министерството за локална самоуправа (МЛС):

- Програма за спроведување на процесот на децентрализација;
- Националната програма за имплементација.

1.3. Методолошки пристап

Стратегискиот документ на општина Берово е изработен со примена на концептот на локално планирање засновано врз принципите на партиципативност и еднаквост за сите засегнати поединци, групи, организации, установи и институции во локалната заедница и почитувањето на човековите права и слободи. Следењето на наведените принципи овозможува одржлив социјален развој на општината, почитување на различностите и надминување на социјалното исклучување и дискриминацијата.

Во подготовката на документот беа исполнети предусловите за креирање на долгорочна алатка за спроведување на стратегиски цели за одржлив развој во областа на социјалната заштита:

- Изразена политичка волја на локалните власти (градоначалникот и Советот на општината) и општинската администрација за изработка и имплементација на Стратегијата;
- Гарантирано учество на сите засегнати страни (граѓански сектор, деловен сектор, јавни установи и институции, ранливи социјални групи);
- Транспарентност во процесот на планирање;
- Навремено и целосно спроведување на активностите во процесот на планирање;
- Активно учество на сите засегнати страни во подготовката на стратегискиот документ.

Имено, во изработката на стратегискиот план активно учествуваше Локалната партнерска група на општина Берово .
Оваа група беше составена од претставници на Локалната самоуправа, јавниот сектор, граѓанскиот и деловен сектор, со што беше обезбедено учеството и можност за придонес на сите клучни фактори во неговата изработка.

Процесот на планирање се одвиваше преку две работилници, кои беа фацилитирани од страна на консултантот ангажиран од Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман“ (БИМ-ФВ Скопје).

На дводневната работилница за стратегиско планирање, со членовите на ЛПГ беше извршена идентификација на ранливи и сиромашни групи лица и на најтешките облици на сиромаштија и социјална исклученост во општината, како и утврдување на приоритетните проблеми и потреби, вклучително и родовата сензибилизација.

Методологијата е базирана на модел за создавање матрица на приоритети, утврдување стратегиски цели и организирање фокус-групи со претставници на идентификувани ранливи социјални групи. По ова следеше спроведување на дводневна работилница за акциско планирање со членовите на ЛПГ за креирање акциски план за период од 3 години.

За време на работилниците се користеа методи за работа во парови и групи, јавни дискусии, презентации, матрица на приоритети, како и методот „МЕТАПЛАН“. Изработена е и анализата ПЕСТЕЛ на опкружувањето, со цел да се земат предвид политичките, економските, социјалните, технолошките, еколошките и правните фактори кои влијаат врз процесот на стратегиското планирање и спроведувањето на Стратегијата.

По завршувањето на двете работилници за стратегиско планирање и изработка на акциски план, како и

по спроведените фокус-групи со најранливите категории на граѓани, Стратегијата и акциски план беа презентирани пред граѓаните на општина Берово преку јавна трибина.

Структурата на стратегискиот план на општина Берово се заснова на три нивоа:

- **Ниво 1 -** дефинирање на приоритетните области за интервенција во стратегискиот план кои претставуваат општи цели;
- **Ниво 2** - дефинирање на стратегиските цели на општина Берово врз основа на дефинираните приоритетни области. Стратегиските цели претставуваат конкретни цели утврдени во секоја од приоритетните области. Заради рационалноста во нивната остварливост, утврдени се по три стратегиски цели во рамките на секоја од утврдените приоритетни области;
- **Ниво 3 -** дефинирање клучни активности кои треба да бидат преземени за остварување на секоја од утврдените стратегиски цели.

Локалната партнерска група ги утврди следните приоритетни области за интервенција:

- Намалување на сиромаштијата;
- Социјално вклучување;
- Социјална заштита.

Глава 2 – Преглед на постоечки стратегиски документи

При изработката на Стратегијата за социјална вклученост, социјална заштита и намалување на сиромаштијата во општина Берово беа земени предвид постојните стратегиски документи кои се однесуваат на општината. Подолу, следува краток осврт од аспект на претходните напори за решавање на социјалните проблеми во општината кои се опфатени во веќе постоечките стратегиски документи.

2.1. Стратегија за одржлив развој 2006-2011 - Општина Берово

Стратегијата идентификува приоритетни области и стратегиски определби и поставува рамка за економски, социјален и културен развој на општина Берово за периодот 20062011. Изготвувањето на Стратегијата е започнато во јули 2005 година. При нејзината реализација, во 9 работни групи се вклучени претставници од локалната власт, деловниот и граѓанскиот сектор, координирани од Локалната агенција за развој Берово. Документот е усвоен од Советот на Општината на 28 јули 2006 година.

Во состав на програмата, воспоставени се важни контакти со три партнерски општини од Финска во соработка со локалните власти, граѓанскиот и деловниот сектор и новите локални агенции за развој, воспоставени со помош на УНДП. Овој документ вклучува три стратегиски компоненти:

1. Процена на локалната ситуација;
2. Анализа СВОТ (SWOT) во три сектори: инфраструктура, одржлив економски развој и квалитет на живеење;
3. Стратегиски планови вклучувајќи визија, стратегиски цели, развојни цели и краток преглед на програмите и на проектите.

2.2. Локален еколошки акциски план на Општина Берово

Овој нацрт-документ промовира широко јавно учество во донесување на одлуките за животната средина преку два сегмента: Акциска програма за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа и Агенда 21 и притоа се раководи од проценката на приоритети, ризици и полезности. ЛЕАП Берово е дефиниран како основен предуслов за стратегија на траен развој, со што се пронаоѓаат инвестиции и политики за поддршка на социјална и економска здрава цел, а истовремено одбегнувајќи ја потребата на скапи средства.

Методологијата за изработка на проектот е базирана на компаративна проценка на еколошки ризици, стручно-научни анализи на животната средина и мислењата и иницијативите на граѓаните.

ЛЕАП за општина Берово е изработен во декември 2003 година од страна на Јавното претпријатие за просторни и урбанистички планови, врз основа на склучен договор со тогашното Министерство за екологија и просторно планирање.

2.3.Потстратегија за рурален развој на Општина Берово 2008 – 2013

Во доменот на руралниот развој и подобрување на животот на руралното население во општина Берово, формирана е локална група за рурален развој и отворена е подрачна канцеларија.

Процесот е иницран во јуни 2007 година од страна на Општина Берово со финансиска помош од МААСП – Програма за поддршка на советодавните услуги во земјоделството во Република Македонија.

Во контекст на одржливиот развој на општина Берово, согледана е потребата од соработка и партнерски однос помеѓу локалната самоуправа, граѓанскиот и деловен сектор, како и останатите заинтересирани страни за препознавање на културата, традиционалните занаети и туристичките потенцијали како ресурси за рурален развој и намалување на стапката на невработеност и сиромаштија.

Спроведувањето на Потстратегијата за рурален развој во општина Берово се предвидува за период од 5 (пет) години, односно динамиката на спроведувањето е во согласност со годишните програми и Стратегијата за одржлив развој на општина Берово за периодот 2008-2013 година и остава простор за вклучување нови приоритети во зависност од потребите на заедницата.

2.4. Општини Берово и Пехчево - локален акциски план за вработување 2009 – 2010

Акцискиот план за вработување за општините Берово и Пехчево е изработен во рамките на КАРДС проектот „Политика за вработување III", поддржан и финансиран од ЕУ. Носители на проектот се општините Берово и Пехчево, во партнерство со јавни институции и граѓански организации.

Овој документ е конципиран и изработен во два дела. Во првиот дел е направена анализа на пазарот на трудот, а во вториот дел се елаборирани насоките и конкретните цели во областа на вработувањето, како и активностите и проектите кои треба да се спроведат за да се ублажи проблемот со невработеноста во двете општини.

Во документот се дава преглед на главните заклучоци од анализата на состојбите на локалниот пазар на трудот и препораки од анализата, а истовремено, преку Локалната стратегија за вработување се одредуваат:

- Главни насоки и приоритетни цели на акцискиот план за вработување;
- План за спроведување на целите;
- Буџет за реализација на целите.

Акцискиот план за вработување на микрорегионот Берово и Пехчево се однесува за периодот 2009 – 2010 година.

2.5. Регион Малеш-Пијанец-туристички акциски план
(Општини Берово, Пехчево и Делчево)

Изготвувањето на Регионален туристички акциски план за општините Берово, Пехчево и Делчево, односно за регионот Малеш-Пијанец, во декември 2008 година е резултат на стратегиските определби на општините за регионален туристички развој.

Главна цел која произлегува во овој туристички план е развој на регионален планински туризам заснован на визијата за туризмот: „Регионот Малеш-Пијанец - препознатлива еколошка чиста средина, со природни реткости, развиена туристичка инфраструктура со разновидна туристичка понуда и традиционална храна".

Регионалниот туристички акциски план е подготвен од регионалниот Комитет за туристичко планирање, формиран во јули 2008 година и е усвоен од Советите на општините Берово, Пехчево и Делчево.

При разработката на планот се земени предвид сите аспекти на гранката туризам и извршена е анализа од аспект на пет клучни компоненти:

1. Туристичките атракции, настани и активности;
2. Туристичкиот маркетинг и промоција;
3. Туристичката инфраструктура;
4. Туристичката гостопримливост;
5. Туристичките услуги на мало.

Туристичкиот акциски план е дефиниран како одредница за развој на туризмот, а со реализацијата на приоритетите се очекува да се создаде силен ЛЕАП - „Берово основа за правилен и долготраен туристички развој на регионот".

2.6. Стратегија за развој на еко-туризмот во Берово

Тргнувајќи од фактот дека економските параметри и социјалниот фактор, надополнети со заштитата на животната средина и рационалното искористување на природните ресурси, се категории кои се интегрирани во еден модерен концепт на сите развиени општества наречен одржлив развој. Општина Берово си постави

цел во 2005 година за изготвување Стратегија за еко-туризам. Стратегијата има задача да ги постави основите за развој на еко-туризмот во Берово, заштита на животната средина и економски развој на општината. Преку развојот на еко-туризмот да дејствува одржливо и да ја подигне економската состојба на населението.

Акцискиот план 2005-2007 се темели на:

1. Анализа на општината;
2. Идентификација на потребите;
3. Визија;
4. Поставување приоритети;
5. Цели, активности и работен план.

Посебно значајни се трите водечки компоненти за развивање на овој пристап:

- понапреден пристап кон економските придобивки од туризмот - со зголемување на можностите за вработувања и започнување бизнис;
- преземање мерки за справување со влијанието на неповолните социјални и
- еколошки фактори врз развојот на туризмот;
- реформи во политиката - со вклучување на населението во процесите на планирање, развој и управување со процесите поврзани со активностите за развој на еко-туризмот.

Носители на проектните активности се Здружението на инженери за животна средина во соработка со граѓаните на Берово.

2.7. Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија

Најзначаен документ на јавна политика кој се однесува на социјалната вклученост е „Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија“ донесена од Владата на Република Македонија, во октомври 2010 година.

Во однос на истражувањето и следењето на сиромаштијата во Република Македонија, постои релативен недостаток на податоци и бројки за темелна анализа на состојбите. Напорот да се определат, проценат, измерат, стават во перспектива и да се споредат основите и факторите за овие состојби во општеството може да биде само од полза за подобрување на состојбите и развој на локалната заедница.

Во Стратегијата, концептот на социјалната инклузија резултира со посериозен и поструктуриран третман во јавните политики во државата, со што социјалната исклученост е конципирана како „повеќедимензионален и сложен процес кој влијае на ослабувањето на врските на поединецот и заедницата“.
Концептот прави разграничување на поимите сиромаштија и социјална исклученост и упатува на борба против социјалната исклученост со поширок пристап до институциите и механизмите на социјалната интеграција.

Според НСНССИ, фокусот на социјална исклученост е збогатен за нови облици на исклученост, анализирана од аспект на етнички групи, жени, лица со инвалидитет, жртви на семејно насилство и лица кои користат дроги, исклученост по основ на недостаток на приход, степен на образование итн.
Неспорно е дека темел за состојбата на социјалната исклученост е недостатокот на приходи, но тука спаѓа и отежнатиот пристап до услугите за задоволување на основните човекови потреби, како што е домувањето, севкупните услуги за задоволување на потребите од вода, хигиена, електрична енергија итн. Лицата кои немаат еднаков пристап до услугите за задоволување на овие и други потреби се автоматски во состојба на исклученост.

Стратегијата го наведува недостатокот на пристап до информациско-комуникациските технологии што придонесува кон социјална исклученост во многу сфери, а истовремено и „родот во комбинација со други фактори често ги одредува карактеристиките на групите кои се соочуваат со ризик од маргинализација и социјална исклученост“ .

Како заклучок, може да се каже дека секој облик на нееднаквост може да претставува основа за социјална исклученост во општеството.

Националната стратегија за борба против сиромаштијата и социјалната исклученост ги идентификува и ги регулира следниве 14 приоритетни области: Вработување; Неформална економија и јакнење на претприемништвото; Пазарот на трудот; Сиромаштија и социјална исклученост; Здравствена заштита; Долгорочна грижа; Образование; Социјална заштита; Транспорт; Комуникација; Домување; Детска заштита; Еднакви можности меѓу мажите и жените и Јавна сензибилизација за социјалната вклученост.

2.8. Индекс на социјална инклузија на локално ниво

Публикацијата „Индекс на социјална инклузија на локално ниво“ е резултат на истражувањето кое е спроведено од страна на Институтот за општествени и хуманистички истражувања „Евро-Балкан“ во рамките на проектот „Индекс на социјална инклузија на локално ниво: Создавање инструмент за проценка на еднаквоста на пристапот и правичната распределба на локалните услуги“.

Овој проект претставува и прво истражување од ваков вид и обем во Македонија. Истражувачкиот дел е поделен во две фази: подготвително истражување и главно истражување. Подготвителното истражување ги детектира најрелевантните димензии на социјална исклученост на локално ниво и критичните аспекти од интерес, поврзани со пристапот и распределбата на јавните услуги на локално ниво.

Главното истражување се однесува на прибирање официјални податоци и спроведување емпириско истражување, преку спроведување три вида телефонски анкети на национално ниво, во сите 84 општини во Република Македонија (со исклучок на Град Скопје). Проектот е реализиран во периодот од 4 февруари 2010 до 30 март 2011 година и ги опфаќа следните тематски делови:

1. Единиците на локалната самоуправа;
2. Општинските центри (т.е. населените места кои се центар на општината);
3. Селата во општините.

За жал, истражувањето преку анализа на процентот од општинскиот буџет кој се издвојува во областа на социјалната заштита во Општина Берово, покажува дека по основ на:

- дел од буџетот на Општината издвоен за социјална помош/заштита, 2010
- донации за социјална помош/заштита како процент од буџетот на Општината, 2010
- мерки и програми на општината за социјална помош/заштита

Општината спаѓа во најнискиот ранг (0) и со збирна оценка нула за сите овие критериуми, затоа што одговориле дека воопшто не преземаат никакви мерки и активности во областа на социјалната заштита.

Глава 3 – Стратегија за социјално вклучување, социјална заштита и намалување на сиромаштијата на општина Конче

3.1. Социјален профил на Општина Берово

3.1.1. Општи карактеристики

Берово е сместено во најисточниот дел на Република Македонија во Малешевската Котлина и ги опфаќа следниве населени места: Будинарци, Владимирово, Двориште, Митрашинци, Мачево, Ратево, Русиново и Смојмирово.

Вкупната површина на општина Берово изнесува 595 км2, а се наоѓа на 800 м просечна надморска висина. Релјефот е претежно ридскопланински, со рамнински терени само околу речното корито на реката Брегалница. Општината располага со богати природни ресурси, со нагласен шумски и езерски потенцијал. Вкупната обработлива површина изнесува 68 226 ha, од што на земјоделско земјиште отпаѓа 57%, а на шумско 43%.
За развој на општината особено се значајни минералните суровини и рудите. Во општината функционира рудник за јаглен кој е во експлоатација.



Хидрографски објект од значење за општината е Беровското Езеро. Тоа е вештачко езеро, со бетонска брана висока 53 метри и нуди можности за поволен туристички развој. Се наоѓа на 986 метри надморска височина, на Ратевска Река, во месноста наречена Лаки, на 7 км оддалеченост од Берово.

На територијата на општина Берово најразвиена е текстилната индустрија каде се вработени најголем број жители од општината. Во овој сектор се регистрирани околу 5-6 фирми кои вработуваат 450-500 луѓе. Од некогашните 4-5 големи капацитети кои вработуваа над 1200 луѓе, само два успешно го имаат завршено процесот на приватизација, додека останатите се под стечај или во ликвидација.

Потенцијалите за развој на општината главно се гледаат во развој на туризмот, мала, лесна и незагадувачка прехранбена индустрија и планско користење на шумските ресурси.

Во општината има вкупно 13.941 жители според податоците од пописот на населението во 2002 година.
Со 23,4 жители на еден километар, општината се вбројува меѓу ретко населените општини во Македонија. Во општината се евидентирани вкупно 4.706 домаќинства со просечен број од 3,1 член по домаќинство.

Од вкупниот број жители, 50,4 % се мажи, а 49,6% се жени.

Вкупно население по пол мажи – жени

Година	Мажи	Жени	вкупно
2009	6763	6671	13 434
2008	6785	6709	13 494

Во однос на етничката структура на населението 13335 (95,65%) се изјасниле како Македонци, 459 (3,29%) како Роми, 91 (0,65) како Турци и останати. Половина од населението живее во урбани, а половина во рурални населби.

Просечната старост на населението изнесува 36,3 години. Возрасната структура на населението покажува тенденција кон стареење на населението во општината.

Според податоците од пописот во 2002 година, 3553 (23,6%) жители се на возраст од 0-19 години, 8405 (55,2%) се на возраст од 20 до 65 година, а 1978 (19,2%) се на возраст над 65 години.

3.1.3. Институционални капацитети

Образование: Во општина Берово има две централни училишта за основно образование, во градот Берово и во селото Русиново. Основното училиште во Берово има подрачни училишта во седум селски заедници. Во градот Берово има едно училиште за средно образование, и тоа со профил на гимназиско и стручно образование и истурени паралелки во Пехчево. Специјални училишта нема.

Здравство: Примарната здравствена заштита во општина Берово се обезбедува во Здравствен дом во градот Берово и во 8 приватни ординации по општа медицина. Активни се пет приватизирани стоматолошки ординации и три приватни аптеки. Приватна гинеколошка ординација нема, а постои пункт на лекар специјалист од соседната општина. Во Русиново и во Двориште има здравствени организации за основни здравствени услуги со двајца лекари по општа медицина. Службата за брза помош не располага со специјално возило. На територијата на општина Берово има специјалистичка стоматолошка протетика, специјалистичка лабораторија, специјалисти за офтомологија, интерна медицина и рентген, а во примарното здравство за училишна медицина и превентивна стоматологија. Во општина Берово нема поликлиника, ниту специјалистичка клиника, а жителите во случај на потреба се упатуваат во Кочани, Штип или Скопје.

Социјални установи: Во централната општинска јавна установа за деца Детска градинка „23 август" во Берово престојуваат 180 деца, а со клоновите во три поголеми села се опфатени вкупно 248 деца. Во општината нема приватна детска градинка, ниту јавен, ниту приватен старски дом.

Културни установи: Домот на култура „Димитар Беровски" е единствена установа од областа на културниот живот во Берово. Во рамките на Домот функционираат библиотека, музеј и градско кино кое во последниов период е надвор од функција.

Спортски објекти: Во општина Берово има две спортски сали, три спортски игралишта во градот и седум во сите села на територијата на општината.

Медиуми: Од средствата за јавно информирање во општина Берово има едно приватно локално радио, една приватна локална телевизија која емитува само забавна програма и еден весник кој се издава во електронска форма.

Граѓански организации: Во општината се регистрирани 60-80 здруженија на граѓани, но активни се десетина од нив.

3.1.4. Доминантни проблеми во општината

Социјални проблеми: Доминантни социјални проблеми во општината се сиромаштијата и невработеноста. Стапката на вработеност изнесува 41,5%, а стапката на невработеност на територијата на општина Берово изнесува 31,9%. Од вкупно 2681 невработени лица, 1114 (41,6%) се жени.

Главни карактеристики на проблемите со невработеноста се:

- Невработеност на младото население на возраст од 15 до 24 години со стапка од 67,3%. Општината спаѓа во регион со најниска стапка на невработеност на младото население во споредба со другите региони во Република Македонија.
- Долгорочна невработеност при што од вкупниот број невработени лица, 31,5% чекаат за вработување осум и повеќе години.
- Неповолна старосна структура (поради големиот удел на постарата средовечна работна сила).
- По однос на половата структура, поголем е бројот на невработени мажи, а поголема е побарувачката на женска работна сила.
- Според проценките на локалниот Центар за вработување, од аспект на вработувањето, како најзагрозена категорија граѓани се посочуваат лицата кои завршиле високо образование.
- Како најзагрозена социјална група во општината се издвојува населението од ромска етничка припадност.

Во помала мера се бележат социјални проблеми со алкохолизмот, семејно насилство и појава на користење дроги од страна на малолетни лица.

Инфраструктурни проблеми: Инфраструктурата на општина Берово е на задоволително ниво. Во 95% од општината има водоводна мрежа со делумно променети цевки, а во другиот дел се снабдуваат со вода преку бунари и хидрофори. Изградена е нова прочистителна станица за вода за пиење и прочистителна станица за отпадни води. Канализациска мрежа има во градот и во дел од селата. Комуникациската поврзаност во основа е добра и има асфалтирани патишта до сите населени места, но квалитетот на асфалтот е во лоша состојба, а и внатре во селата има неасфалтирани земјени патишта.

3.1.5. Социјална заштита во Општина Берово

Општинска администрација

Во општината, надлежностите од областа на социјалната заштита се реализираат од страна на Одделението за локален развој, меѓународна соработка и јавни дејности. Општинската администрација нема посебно одделение за социјална заштита, нема вработен социјален работник и нема Програма за социјална заштита. Советот на општина Берово има усвоен Правилник за начинот и за критериумите на остварување на правото на парична помош за социјално домување за лица-корисници на постојана парична помош, социјално загрозени, станбено необезбедени и за згрижување на бездомници, а исто така, има предвидено средства од општинскиот буџет за оваа категорија граѓани. Како форма на помош за социјално загрозеното население, Општината доделува еднократна парична помош за чие доделување има надлежност Советот и градоначалникот. Годишната ставка на градоначалникот за доделување средства по основ на барање за помош е 300.000 ден, а еднократно за едно решение, максималната сума е 50.000 денари.

Центар за социјална работа

Центарот за социјална работа е надлежен да постапува за подрачјето на две општини Берово и Пехчево. Бројот на вработени во Центарот е 29, од кои седум социјални работници, тројца педагози, двајца психолози, двајца правници, двајца дефектолози, еден социолог, еден наставник, двајца економисти, три медицински сестри и помошен персонал. Просторните и техничките капацитети на Центарот не се на завидно ниво. На располагање има 7 простории, 17 компјутери и 2 возила кои не се во добра состојба.

Центарот ги издвојува проблемите со возилата и недостатокот на гориво. Најтешка проблематика за работа е регулирањето на односите родители-деца, семејното насилство и сексуалното насилство врз децата.

Корисници на мерки и услуги на социјална заштита

Во општина Берово 180 домаќинства се корисници на социјална парична помош, 28 семејства користат постојана парична помош, 344 лица се јавуваат како корисници на паричен надоместок за помош и нега на друго лице. Околу 48 лица се јавуваат како корисници на еднократна парична помош во последнава година. Правото на парична помош од социјална заштита најчесто не се остварува како резултат на поседувањето на земјоделска површина.

Вонинституционална заштита

Мрежата на социјални услуги во општината ја сочинуваат Центарот за социјална работа, Дневен центар за лица со ментална или телесна попреченост, Мал групен дом и Народна кујна.
Дневниот центар за лица со ментална или телесна попреченост функционира како Одделение во надлежност на ЈУ МЦСР-Берово и опфаќа корисници од Берово и Пехчево. Општината го обезбедува просторот, а финансиите ги обезбедува МТСП.
Во Берово, во Мал групен дом се сместени пет деца без родители и родителска грижа, а институционално се згрижени 2 лица во Домот за деца без родители и родителска грижа „11 Октомври" - Скопје, 9 во СОС Детското

село во Скопје, 1 во ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско и 1 во Демир Капија.
Во општината функционира Народна кујна со заедничко ангажирање на МТСП, ЦСР и Општината. Во мрежата на јавни услуги од социјална заштита недостасуваат згрижувачки семејства и центри за стари лица.

Центар за вработување

Центарот за вработување во Берово реализира активности и програми за самовработување, програма за поддршка за формализирање на постојните бизниси, субвенционирано вработување (самохрани родители, брачни парови со три и повеќе деца, лица кои останале без работа поради стечај, ликвидација и технолошки вишок, лица постари од 55 години и млади до 27 години).

3.1.6. Анкетно истражување на домаќинствата во Општина Пехчево

Во рамките на проектот „Социјална инклузија и човекови права во Македонија" на Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман", во март 2011 г. изработена е основна Студија за сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија – локални социјални проблеми и потреби.

За потребите на оваа Студија, во општина Берово е спроведена анкета кај вкупно 100 домаќинства . Структурата на анкетираните домаќинства, според типот на домаќинството, покажува дека најголем број се неземјоделски (58%), потоа земјоделски (25%) и мешовити (17%).

Графикон 1

Во однос на проблемите поврзани со социјалниот развој, како најзастапени се истакнуваат невработеноста (74%) и сиромаштијата (69%). Во 26% од случаите како релевантен проблем се наведува болест на член на домаќинството, при што само во еден случај се наведува инвалидноста како сериозен проблем. Социјалните проблеми поврзани со социјални девијации и третата група на проблеми поврзани со природни еколошки процеси не се наведуваат како значителни проблеми од страна на испитаниците.

Графикон 2



Испитаниците посочуваат дека досега не добиле никаков вид помош од невладини организации, од Општината, од верски и хуманитарни организации или од други правни лица.

Анализата на причините за некористење на правото на парична помош од социјална заштита покажува потреба за одделна анализа на македонската и ромската етничка заедница. Тоа се должи на фактот што најголем дел од ромските домаќинства (87,5 %) остваруваат право на парична помош.

Оттука, релевантна за анализа останува состојбата на домаќинствата во македонската етничка заедница каде најголем дел од испитаниците (42,9%) истакнуваат дека немале потреба за остварување на ова право, а 14,3% биле одбиени. Мал број од испитаните наведуваат дека причини за некористење на ова право се нивната неинформираност (3,6%), непоседување целосна документација (2,4%) и срам од средината (1,2%).

Графикон 3



3.1.7. Родов осврт

Еднаквиот третман на жените и мажите е еден од основните принципи, дел од европските и националните закони засновани на човековите права, но за жал, жените сè уште заработуваат помалку од мажите и сè уште се во помал број на позициите каде што се донесуваат политички одлуки и на високите раководни места. Една од главните определби на Општина Берово е засилување на активностите за отстранување на дискриминацијата, што секако е предуслов за постигнување родова еднаквост на локално ниво. Најважни цели се рушење на стереотипите и економска независност на жените кои ќе се постигнат така што ќе се образуваат, ќе работат, ќе заработат сопствен приход и ќе имаат еднакви права на придонеси.

Иако не е прифатливо насилство врз жените во каква било форма, сепак, многу жени и денес се жртви на насилство или експлоатација. Вакви појави се евидентирани и во ЦСР-Берово. Жените се подложни на семејно насилство, сексуална злоупотреба или се заплашувани и угнетувани, а со тоа се крши основното право на слобода, достоинство и безбедност. Положбата на жртвите на семејно насилство беше потврдена и од учесниците на фокус-групата од оваа ранлива социјална група.
Грижата за здравјето, усогласувањето на работата со грижата за децата и за други членови од семејството е многу важно прашање за жените, а сè повеќе и за мажите. Сепак, распределбата на одговорностите во домот е сè уште доста нерамноправна, поради што на жените им е потешко да напредуваат во кариерата.

Во РМ со Националниот план за родова рамноправност 2007 – 2012 и Законот за еднакви можности помеѓу жените и мажите се нагласува потребата од систематски пристап во превенција од родово базирана дискриминација, формална заштита на правата на жените, вградување на родовиот концепт во политиките на централно и на локално ниво, донесување Стратегија за родова рамноправност и прашањето на родово сензитивно буџетирање. Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната вклученост 2010-2020, како специфична стратешка цел, предвидува:„унапредување на положбата на жената и намалување на степенот на сиромаштија и ризикот од социјална исклученост„.

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на општина Берово е единствено тело за родови политики во општината. Но, за жал, постои само формално. Комисијата нема изготвено Програма за работа и не покренува иницијативи по одредени прашања. Се состанува повремено за разгледување точки поставени на дневен ред на седници на Советот на општината, и тоа по предлог и подготовка на општинската администрација. Во општината нема ниту активна женска мрежа од граѓанскиот сектор и граѓанско здружување.

Само со активирање на родовите институционални механизми, во тесна соработка со неформалниот систем на превенција и заштита на централно и на локално ниво, може да се постигнат посакуваните состојби. Ова подразбира јасно дефинирање на улогата на севкупната родова машинерија, јакнење на капацитетите на релевантните актери на централно и на локално ниво и креирање систематски приод кон постигнувањето на родовата еднаквост.

3.1.8. ОСВРТ КОН ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Архушката конвенција како меѓународен договор е еден од најважните инструменти за заштита на правата на граѓаните за здрава животна средина. Потпишана од над 40 земји и ратификувана од 26 земји од цела Европа. Од 30 октомври 2001 година, Конвенцијата веќе има правно дејство, односно претставува инструмент кој има правна сила на меѓународно ниво.

Јавноста има право и потреба да биде информирана, да учествува во одлучувањето по прашањата за заштита на животната средина и да има слободен пристап до тие прашања и информации.
Имплементацијата на Архушката конвенција овозможува подобрување на пристапот до информации, зголемување на учеството на јавноста во одлучувањето, со што се подобрува квалитетот на одлуките, а сето тоа ќе резултира со подобрување на квалитетот на животната средина. Имплементацијата на Архушката конвенција придонесува кон заштита на правото на секој поединец од сегашните и идните генерации, да живее во животна средина што е соодветна за неговото здравје и добросостојба и да се овозможат правата за пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правдата во однос на прашањата поврзани со заштита на животната средина, а во согласност со Законот за заштита и унапредување на животната средина. Во општина Берово како позначаен еколошки проблем се истакнува проблемот со неурбанизираната депонија и проблемите поврзани со пожари. Во согласност со погоре кажаното, потребно е да се изнајде решение за организирано справување со цврстиот отпад за да се реши и проблемот со дивите депонии .

3.2. Идентификувани ранливи групи

Раководејќи се од целта на секоја локална заедница: транспарентност на интереси за сите жители и за сите специфични слоеви на популацијата кои живеат во неа, Локалната партнерска група со примена на матрица на приоритети, ги идентификуваше следниве десет ранливи групи, проблемите со кои се соочуваат и потребите:

- Самохрани невработени лица;
- Долгорочно невработени лица;
- Жртви на семејно насилство;
- Малолетни лица без родители и родителска грижа;
- Стари незгрижени лица;
- Деца/лица со посебни потреби;
- Деца кои се жртви на сексуална злоупотреба и педофилија;
- Малолетни лица кои се сторители на кривични дела;
- Социјално загрозени лица;
- Млади брачни парови со 3 или повеќе деца, станбено необезбедени.

Табеларен преглед:

Ранлива група	Дефинирани проблеми	Потреби
-Самохрани невработени лица -Долгорочно невработени лица Социјално загрозени лица -Млади брачни парови со 3 или повеќе деца, станбено необезбедени	-Социјална исклученост -Низок животен стандард -Недостиг на работни места и стопански капацитети -Незаинтересираност и немотивираност од страна на работодавачите да ангажираат вакви лица -Несоодветна возрасна граница (работоспособни лица над 45 години) -Несоодветно образование, -пасивност и немотивираност за преквалификација и доквалификација -Немање финансиски средства и доволно информации за започнување сопствен бизнис -Недостиг на фондови за поддршка -Несоодветни критериуми за стекнување право на социјална помош Супстандардни станбени услови или нерешено станбено прашање -Недостиг на програми за помош во воспитувањето на децата -Зголемен ризик од семејно насилство и малолетничка деликвенција -Сива економија -* појава: нивните деца- малолетници стануваат сторители на кривични дела	-Социјално вклучување -Обезбедување мерки и поволности за вработување -Програми за претприемништво и поттикнување на самовработувањето -Мерки за преквалификации и обуки -Субвенционирање на работодавачите -Мобилност (работа надвор од местото на живеење) -Поттикнување на волонтерска работа и практиканство подолго од 3 месеци -Преиспитување на критериумите за стекнување право на социјална заштита -Обезбедување субвенции и средства за работа на постоечки имот -Програми за домување -Соодветно образование -Бесплатен превоз до образовните институции -Делумно финансирање при обезбедување станбен простор; Превентива на семејно насилство и малолетничка деликвенција -Програми за помош во воспитувањето на децата
Жртви на семејно насилство	•Отсуство на соодветни работни места •Егзистенцијални проблеми •Проблеми со домување •Недостиг од стручна помош •Предрасуди и стереотипи •Ниска свест за постоење на насилство	-Превентива и анализа на состојби -Активирање на граѓански сектор -Кампањи и трибини -Работно ангажирање на жени -Стручна помош
Малолетни лица без родители и родителска грижа	•Несоодветно згрижување •Социјална исклученост •Непостоење на посебни образовни програми	-Институционално згрижување -Иницијатива за роднинско згрижување
Стари незгрижени лица	•Раселени млади од семејството •Физичка немоќ •Лоши услови за живот •Недостиг од социјален живот •Отсуство на редовни лекарски прегледи	-Волонтерство од страна на едуцирани лица и стручни служби -Јавно-приватни партнерства за згрижување во домашни услови -Дом за стари лица -Фокусирани социјални програми -Организирање на редовни лекарски посети -Организација на општествени и културни активности
Деца/лица со попреченост	•Недостиг на вонинституционална заштита •Просторни проблеми на установите •Недоволни образовни програми •Неекипираност со стручни кадри •Недоволно програми за социјализација	-Обезбедување организирани форми на вонинституционална заштита 0Преадаптирање на постоечки простор -Соодветни образовни програми -Зголемување на бројот на стручни лица -Програми за социјализација
Деца кои се жртви на сексуална злоупотреба и педофилија	•Недоволен надзор во вршење на родителското право •Несоодветна и ненавремена заштита •Ниска јавна свест •Недоволно следење на состојбите во семејствата •Недостиг од институционална соработка (училишта –социјални центри) •Недостиг на советувалишта •Недоволни јавни кампањи	-Постојан надзор во вршење на родителското право -Навремено пружање заштита со упатување во установа за деца со социјални проблеми -Подигнување на јавната свест -Навремено отстранување од семејството на малолетни жртви -Соодветни програми во училиштата -Советувалишта -Јавна кампања

3.3. Анализа ПЕСТЕЛ

Името на оваа алатка за анализа доаѓа од англиската скратеница PESTEL која се фокусира на следните аспекти, односно фактори на влијание:

- Политички фактори;
- Економски фактори;
- Социјални (општествени) фактори;
- Технолошки фактори;
- Еколошки фактори;
- Легални (правни) фактори.

Политичките фактори се однесуваат на тоа како и до кој степен власта врши интервенции во стопанството.

Економските фактори вклучуваат економски растеж, каматни стапки и стапка на инфлација. Овие фактори имаат големо влијание на тоа како работи стопанството и како се донесуваат деловни одлуки.

Социјалните фактори вклучуваат културни аспекти, како и свесност за здравјето, стапката на наталитет, старосната стапка, возрасната застапеност на населението, можностите за развој на кариера, како и факторите коишто се однесуваат на заштита при работа и безбедност.

Технолошките фактори вклучуваат технолошки аспекти, како на пример, активности за истражување и развој, автоматизација на производството, технолошки напредок. Тие ги засегаат минимумот на ефективното ниво на продуктивност, а се однесуваат на одлуки за аутсорсирање (подоговарање). Може да ги засегнат трошоците и квалитетот на живот, производство, како и да водат или не кон технолошки иновации.

Еколошките фактори се однесуваат на животната средина, како што се временските услови, климатските услови, климатските промени коишто особено можат да влијаат врз туризмот, фармерството и осигурувањето. Зголемената свесност за климатските промени, глобалното затоплување и нивното влијание врз начинот на работење на компаниите влијае и врз создавање на нови пазари, но истовремено и замирање на некои од постојните пазари.

Легалните (правни) фактори вклучуваат законски прописи од областа на недискриминацијата, антимонополското однесување, заштитата на потрошувачите, работните односи, здравството и заштитата при работа. Овие фактори можат да влијаат врз тоа како работат компаниите, како и врз трошоците и побарувачката на пазарот.

Локалната партнерска група на општина Берово преку оваа алатка ги идентификуваше следните фактори на влијанија врз социјалниот развој на заедницата:

Политички	• Состојби на неповолна политичка стабилност во државата • Влијанието на меѓународната заедница и соседните држави за влез на инвестиции
Економски	• Низок економски раст • Високи каматни стапки • Високи локални даноци и комунални такси • Ниска стапка на инвестиции • Креирање посебни економски програми за ранливи групи • Стимулирање на претприемништво и самовработување • Спроведување на европските стандарди за вработување и заштита на ранливите групи • Развој на туризмот со социокултурни обележја
Социјални	• Несоодветна/недоволна здравствена заштита • Ниска стапка на наталитет • Адаптација на критериуми за вработување • Неразвиени установи за социјална заштита • Активирање на граѓански сектор • Деловен сектор (јавно-приватни партнерства) • Отворање креативни центри • Програми за посеопфатно социјално вклучување на лица од ранливи групи • Обезбедување на соодветни човечки ресурси
Технолошки	• Недостиг на иновации • Модернизација на капацитетите • Искористување на обновливи извори на енергија • Недостиг од инфраструктура и просторни капацитети • Недостиг од опрема (ентериерен инвентар и ИТ опрема) • Недостиг од апарати и опрема за специфични дејности

Еколошки	• Зачувување на животната средина • Поттикнување на органско производство • Исползување на предностите од здрава животна средина • Вклучување во програми и проекти за заштита на животната средина
Легални/Правни	• Недоволна примена на закони и постоечка законска регулатива • Воведување правилници по области • Измена на акти • Усвојување развојни програми • Креирање стратегиски документи • Изработка на наменски прирачници • Воведување мерки за антидискриминација • Обезбедување заштита при работа • Нерегулирани работни односи и непочитување на трудово право • Несоодветна здравствена легислатива

3.4.Приоритетни области за развој (стратегиски приоритети и стратегиски цели)

Визијата на„Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија# се стреми кон/има за цел создавање на општество со намалена сиромаштија и социјална исклученост:

- На сите да им обезбеди пристап до ресурсите, правата и услугите кои се неопходни за рамноправно учество во општеството и притоа да води сметка за заштитата на социјално исклучените лица, борејќи се против сите форми на дискриминација што води кон исклученост;
- Активно социјално вклучување на сите, преку промовирање на рамноправно учество на пазарот на трудот и борба против сиромаштијата и социјалната исклученост;
- Политики на социјална вклученост преку добро координирани програми и мерки на сите нивоа на власта (централна и локална) и други релевантни фактори со ефикасни и ефективни јавни политики, вклучувајќи економски, фискални, образовни обуки, стратегии и проекти.

Тргнувајќи од овие поставени вредности, Локалната партнерска група ги утврди следните приоритетни области за развој на општина Берово низ процесот на партиципативно изготвување на стратегискиот документ, а во насока за намалување на сиромаштијата и зголемување на социјалната вклученост и социјалната заштита за периодот 2011-2015:

- Намалување на сиромаштијата;
- Социјално вклучување;
- Социјална заштита.

Раководејќи се од проблемите и потребите во локалната заедница, за секоја од наведените приоритетни области беа одреди по три стратегиски цели:

Намалување на сиромаштијата
Стратегиска цел 1: Намалување на сиромаштијата во општина Берово
за 15% во период од 5 години;
Стратегиска цел 2: Обезбедување домашни и странски инвестиции и искористување на домашни и меѓународни фондови;
Стратегиска цел 3: Подобрување на социјалните состојби преку креирање на локални партнерства.

Социјално вклучување
Стратегиска цел 1: Зголемување на социјалната вклученост на ранливите групи до 10% за периодот 2011-2015;
Стратегиска цел 2: Креирање и спроведување програми за социјално вклучување и отворање сервисни служби;
Стратегиска цел 3: Креирање локални партнерства за искористување на домашни и меѓународни фондови.

Социјална заштита
Стратегиска цел 1: Подобрување на услугите во областа на социјалната заштита преку развивање локални програми и воспоставување соодветни механизми;
Стратегиска цел 2: Развој на капацитетите на ранливите групи преку поттикнување на вработувањето, преквалификација и доквалификација;
Стратегиска цел 3: Изградба на нова и пренамена на постојната инфраструктура за потребите на ранливите социјални групи преку креирање локални партнерства и искористување на домашни и меѓународни фондови.

3.4.1. Намалување на сиромаштијата

За првата приоритетна област во насока за намалување на сиромаштијата, ЛПГ ги дефинираше следните сфери на дејствување:

- Привлекување домашни и странски инвестиции
- Обезбедување соодветни социјални пакети

- Развивање програми за претприемништво и самовработување
- Вмрежување во локални партнерства
- Искористување на расположиви домашни и меѓународни фондови за реализација на проекти

Соодветно на утврдените стратегиски цели беа определени и стратегиски активности:

Стратегиска цел 1: Намалување на сиромаштијата во општина Берово за 15% во период од 5 години.

Стратегиски дејствија:
- **Анализа на состојба**та со невработеноста и социјалната структура во општина Берово
- Изработка на Програма за привлекување инвестиции
- Обуки за ранливите групи за преквалификации за туристички работници (туристички водичи, готвачи, рецепционери, келнери, хигиеничари итн.)

Стратегиска цел 2: Обезбедување домашни и странски инвестиции и искористување на домашни и меѓународни фондови

Стратегиски дејствија:
- Организирање работилници за споделување на информациите за можноста за вработување преку искористување на проекти и фондови за рурален развој (ИПАРД)
- Обука за млади невработени лица (подготовка на бизнис-план, претприемништво, изработка на елаборати)
- Формирање Асоцијација (задруга) за регионално брендирање на малешевските производи во микрорегионот
- Изготвување урбанистички планови за туристичките населби: Беровско Езеро, Абланица и градот Берово

Стратегиска цел 3: Подобрување на социјалните состојби преку креирање на локални партнерства

Стратегиски дејствија:
- Изработка на Програма за социјална заштита на општина Берово
- Формирање Координативно тело на локално ниво за превенција од семејно насилство
- Формирање мрежа за институционална соработка на локално ниво
- Изработка на Стратегија и ЛАП за заштита и унапредување на правата на Ромите

3.4.2. Социјално вклучување

Во насока за подобрување на состојбата за социјално вклучување на ранливите групи, ЛПГ ги дефинираше следните сфери на дејствување:

- Отворање сервисни служби за социјално вклучување
- Креирање и спроведување програми за социјално вклучување за секоја
- идентификувана ранлива група
- Користење на локалните капацитети на општините, социјалните и образовните
- институции, граѓанскиот и деловен сектор
- Креирање посебни економски програми за ранливи групи
- Вмрежување во локални партнерства
- Поголемо искористување на расположиви домашни и меѓународни фондови за реализација на проекти

Истовремено, ЛПГ ги определи следните стратегиски активности за постигнување на стратегиските цели од втората област:

Стратегиска цел 1: Зголемување на социјалната вклученост на ранливите групи до 10% за периодот 2011-2015

Стратегиски дејствија:
- Креирање Програма за рано откривање и превенција на ранливите групи
- Креирање посебни програми за секоја од идентификуваните ранливи социјални групи
- Приспособување простор и отворање Клуб за стари лици (над 65 год. возраст)
- Воспоставување соработка со меѓународни организации и институции
- Подготовка на прекугранични проекти за ранливи социјални групи со партнери од Република Бугарија

Стратегиска цел 2: Креирање и спроведување програми за социјално вклучување и отворање сервисни служби

Стратегиски дејствија:
- Формирање волонтерска група за помош на стари и изнемоштени лица
- Обука за волонтери за давање помош во домашни услови за стари и изнемоштени лица

- Набавка на специјализирано возило за превоз на лицата со тешка инвалидност, корисници на Дневниот центар
- Програма за финансиска поддршка на талентирани ученици и студенти од социјално загрозени семејства
-

Стратегиска цел 3: Креирање локални партнерства за искористување на домашни и меѓународни фондови

Стратегиски дејствија:
- Организирање промотивни работилници и трибини за информирање на граѓаните за можности за искористување на фондовите
- Обуки за вмрежување со други заинтересирани партнери на регионално ниво и вмрежување со партнери од Република Бугарија
- Организирање и одржување на работилници за подготовка на проекти
- Организирање на студиски патувања (размена на искуства)

3.4.3. Социјална заштита

Сфери на дејствување во локалната заедница во насока за примена на нови форми на социјална заштита и подобрена испорака на услуги во областа на социјалната заштита, определени од ЛПГ на општина Берово:
- Анализа на постојните социјални програми
- Утврдување соодветни механизми за социјална заштита за секоја ранлива социјална група
- Зајакнување на капацитетите на институциите и екипирање со нови стручни кадри
- Искористување на објекти во сопственост на општината
- Развивање програми за социјално домување
- Развивање програми за поттикнување на вработувањето (претприемништво и самовработување)
- Развивање програми за преквалификација и доквалификација
- Вмрежување во локални партнерства
- Искористување на расположиви домашни и меѓународни фондови за реализација на проекти

Стратегиска цел 1: Подобрување на услугите во областа на социјалната заштита преку развивање локални програми и воспоставување соодветни механизми

Стратегиски дејствија:
- Воведување Денови за организиран бесплатен превоз на ранливите социјални групи за пристап до локалните институции
- Обезбедување социјални пакети за самохрани родители
- Отворени пунктови за бесплатна правна помош на ранливите групи
- Отворање Едукативен центар за родители на малолетни лица кои се сторители на кривични дела
- Обезбедување помош од стручни лица (психијатар, психотерапевт) за ранливите социјални групи
- Поднесување иницијатива до МТСП за одобрување и развивање на формата за згрижувачко семејство
- Поднесување иницијатива до МТСП за законско остварување на ЕПП по престанување на престојот во Мал групен дом
- Утврдување критериуми за остварување на правото за ЕПП од буџетот на Општина Берово
- Зајакнување на капацитетите на општинската администрација преку вработување на социјален работник во општината
- Зајакнување на капацитетите на општинската администрација преку едукација на вработените за можностите и формите за развивање на социјално-заштитните функции на Општината
- Едукација за стратегиско планирање и изработка на програми од областа на социјалната заштита за разни ранливи групи
- Проширување на формите на социјална заштита што ги реализира Општината (претежно финансиска помош) со нови форми на социјални услуги
- Зголемување на процентот што се издвојува од буџетот за социјална заштита и на ефикасноста на тие буџетски средства
- Стратегиска цел 2: Развој на капацитетите на ранливите групи преку поттикнување на вработувањето, преквалификација и доквалификација

Стратегиски дејствија:
- Организирање на информативни средби за информирање на граѓаните за можност за вработување, преквалификација и доквалификација
- Организирање на работилници за деловен сектор во врска со постоечките законски можности за вработување на социјално загрозените лица (жртви на семејно насилство, самохрани родители и родители на деца со посебни потреби)
- Организирање на работилници за јакнење на самодовербата на ранливите групи
- Изработка на информативен водич за надлежностите на институциите наменет за ранливи социјални групи

- Спроведување Информативна кампања за сензибилизација на вработените во јавните институции за работа со ранливи социјални групи

Стратегиска цел 3: Изградба на нова и пренамена на постојната инфраструктура за потребите на ранливите социјални групи, преку креирање локални партнерства и искористување на домашните и меѓународни фондови

Стратегиски дејствија:
- Проширување на дејноста на Дневниот центар за опфат на лица со инвалидност (над 26 г.)
- Изградба на пристапни рампи во институциите за лицата со инвалидност
- Обележување паркинг-простор во општината за лица со инвалидност
- Изградба на спортски терени и забавен парк во Ромското маало

3.5. Фокус-групи

Квалитативните истражувања претставуваат метод на истражување преку кој се открива кои се ставовите, вредностите, чувствата, мислите и причините за одредено однесување. При овој метод испитаниците се оставаат слободно да се изразат, со што се овозможува увид во нивната мотивација и доживувања. Се поставуваат прашањата зошто и како, а не само што, каде и кога.

